# ВАЈАРСКА РАБОТИЛНИЦА (работен лист 02)

Стави се во улога на древен вајар и моделирај облици поврзани со симболи, предмети и ликови од древниот хеленски и римски свет. Избери некоја слика од долунаведените и обликувај ја со глинамол или со пластелин. Облиците можат да бидат во исправена или водорамна позиција. Работата сподели ја тимски со некој соученик од одделението работејќи во парови или во групи од повеќе ученици. Доколку работиш со глинамол, моделираната фигура, предмет или симбол зачувај ја во кутија за да ја заштитиш од оштетување. Не заборавај дека облиците од глинамол треба да се бојадисаат со темперни бои откако ќе се исуши и зацврсти смесата на глинамолот. Донеси ги на училиште на следниот час, претстави ги пред одделението и постави ги на посебно изложбено место. Наставникот ќе го вреднува твојот труд.



Јонски столб



Дорски столб



Коринтски столб



Хеленски стол



Крилест коњ Пегас



Талија (муза на комедијата) и Мелпомена (муза на трагедијата)



Спартански шлем



Римски бодеж „гладиус“



Римски легионерски штит



Олимписки факел

Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND